# Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година




август, 2022 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**СОДРЖИНА**

**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА** ........................................ **9**

**КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ** ........................................ **15**

Терестријални телевизии на државно ниво ........................................ 16
Телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс ........................................ 23
телевизии на регионално ниво ........................................ 29
Телевизии на локално ниво ........................................ 35

**КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИЈА** ........................................ **40**

Радиостаници на државно ниво ........................................ 41
Радиостаници на регионално ниво ........................................ 45
Радиостаници на локално ниво ........................................ 49

**ВОВЕД**

Целта на оваа Анализа е да се утврдат состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година. Пандемијата со вирусот Ковид-19, која започна во претходната 2020 година, значително го отежна функционирањето на севкупната економија, а со тоа секако и на медиумите. Последиците од пандемијата, којашто и сѐ уште трае, се одразуваат на работењето на телевизиите и радијата, но оваа Анализа покажува дека во однос на претходната година индустријата полека закрепнува. Сепак, сѐ уште не може да се достигне нивото од предпандемиската 2019 година, а не пак да се зборува за некаков раст на пазарот, особено поради тоа што значаен дел од приходите на телевизиите и радијата во анализираната година е од финансиска помош од државата.

При изработката на оваа Анализа, за економското работење на јавниот сервис и на комерцијалните телевизии и радија се користени податоците што самите тие ги доставија во Агенцијата (во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 од Законот за медиуми), како и податоците од нивните завршни сметки. За работењето на Македонската радиотелевизија се користеа и податоци од „Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2021 година“.

Работењето на јавниот сервис е анализирано засебно од работењето на комерцијалните радиодифузери поради тоа што станува збор за сосема поинаков начин на финансирање. Комерцијалните радиодифузери се анализирани во рамки на релевантните пазари, и тоа од аспект на производот – засебно телевизиите и засебно радиостаниците, а од географски аспект – според нивото на покривање – засебно радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво.

За да се добие колку што е можно поцелосна слика за состојбите во индустријата, Анализата содржи и податоци за гледаноста на телевизиите и за слушаноста на радиостаниците во 2021 година. Овие податоци, по нарачка на Агенцијата, ги обезбеди истражувачката агенција „Segments research“ од Скопје.

**РЕЗИМЕ**

Табела 1: Клучни наоди

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонска радиотелевизија** | **979.56** | **40.73** | **985.42** | **-6.74** | **704** |
| **Комерцијални телевизии** | **1,495.57** | **1,238.36** | **1,430.39** | **50.69** | **995** |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 1,200.01 | 1,003.28 | 1,135.83 | 52.17 | 612 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 157.13 | 129.79 | 173.38 | -16.70 | 228 |
| ТВ на регионално ниво | 99.19 | 70.33 | 91.89 | 5.82 | 118 |
| ТВ на локално ниво | 39.24 | 34.96 | 29.29 | 9.40 | 37 |
| **Комерцијални радиостаници** | **169.70** | **139.23** | **155.38** | **12.56** | **184** |
| РА на државно ниво | 64.50 | 56.15 | 61.55 | 2.07 | 51 |
| РА на регионално ниво | 58.44 | 49.14 | 50.91 | 4.89 | 49 |
| РА на локално ниво | 46.76 | 33.94 | 42.92 | 5.60 | 84 |
| **Вкупно** | **2,644.83** | **1,418.32** | **2.571.19** | **56.51** | **1,883** |

## Вкупни приходи во индустријата

Вкупните приходи во индустријата во 2021 година изнесувале 2,644.83 милиони денари. Ова е највисок износ на вкупни приходи во последните пет години, но тоа се должи на финансиската помош за справување со последиците од пандемијата со вирусот Ковид-19 што државата ја издвои за комерцијалните медиуми, и тоа за покривање на трошоците за надоместокот за дозволата за емитување, за покривање на трошоците за пренос на сигналот, субвенции за придонеси од платите на вработените и друго, како и на приходите што комерцијалните радиодифузери ги оствариле од платено политичко рекламирање. Така, комерцијалните радиодифузери во целина прикажале повисоки приходи отколку во претходната година. Истовремено, јавниот радиодифузен сервис располагал со помалку средства дури и во споредба со претходната година.

Слика 1: Вкупни приходи на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години




Повеќе од половина од приходите се остварени од рекламирање (54% или вкупно 1,418.32 милиони денари), од кои пак 238,15 милиони денари се од платено политичко рекламирање за време на локалните избори. Од средствата за финансирање на радиодифузната дејност кои се издвојуваат од Буџетот на РС Македонија, на јавниот сервис му биле префрлени 826,95 милиони денари, кои претставуваат 31% од вкупните приходи во индустријата.

Слика 2: Структура на приходите во индустријата во 2021 година




**<u>Приходи од рекламирање во индустријата</u>**

Од графиконот бр.3 се гледа дека радиодифузерите во 2021 година оствариле највисоки вкупни приходи од рекламирање во последните пет години, но и дека доколку се одземат приходите од платено политичко рекламирање, впрочем приходите од рекламирање во 2021 година се уште не ги достигнуваат оние од пред пандемијата.

Слика 3: Приходи од рекламирање во индустријата во последните пет години




Најголем дел од приходите од рекламирање оствариле комерцијалните телевизии - 87%, а 10% комерцијалните радиостаници. Уделот на МРТ во приходите од реклами изнесува само 3%.

Слика 4: Удел на приходите од рекламирање во индустријата




**<u>Вкупни трошоци во индустријата</u>**

Вкупните трошоци во индустријата изнесувале 2,571.19 милиони денари. Од нив, 56% се трошоците на комерцијалните телевизии, 38% на јавниот сервис и 6% на комерцијалните радиостаници. Во

споредба со минатата година, повеќе средства потрошиле и комерцијалните радиодифузери и јавниот сервис.

Слика 5: Вкупни трошоци на јавниот сервис и на комерцијалните радиоифузери во последните пет години




Растот на вкупните трошоци во индустријата е незначителен - тие се зголемиле за 6% во споредба со претходната година.

Слика 6: Движење на вкупните трошоци во индустријата во последните пет години




**Финансиски резултат и број на вработени**

Финансискиот резултат на целата индустрија во 2021 година бил добивка од 56,51 милион денари. МРТ прикажала негативен финансиски резултат од 6,74 милиони денари, а комерцијалните телевизии и радиостаници заеднички прикажале добивка од 50,69 милиони денари, односно 12,56 милиони денари. Ова е прв пат, во периодот од 2017 година наваму, заедничкиот финансиски резултат на комерцијалните телевизии да е добивка.

Табела 2: Финансиски резултат од работењето

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| МРТ | 7.03 | -26.02 | -527.15 | 74.47 | -6.74 |
| Комерцијални телевизии | -102.10 | -69.48 | -7.64 | -109.92 | 50.69 |
| Комерцијални радиостаници | -11.54 | -1.41 | -0.01 | 0.77 | 12.56 |

Во целата индустрија, вкупниот број на вработени во редовен работен однос на крајот од годината изнесувал 1.814 лица, а хонорарци биле 635 лица. Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 1.883 лица.

**<u>Број на радиодифузери во индустријата</u>**

На почетокот од 2021 година програма емитуваа 45 комерцијални телевизии, 65 комерцијални радиостаници и четири непрофитни радиостаници. Во текот на годината беа одземени дозволите на една телевизија (Нова[1] од Гевгелија) и на една радиостаница (Актуел[2] од Битола), и на двете поради неисполнување на минималните кадровски услови. Освен тоа, по сила на закон престанаа да важат дозволите на три радиостаници, и тоа на БИ-КИ-АЛ[3] од Битола (поради стечај), на Аљбана[4] од Куманово (поради ликвидација) и на 102КА-ФМ[5] од Струга (со писмена изјава од имателот на дозволата дека престанува со емитување на радиопрограма). Во 2021 година беше доделена една дозвола за радиоемитување на локално ниво - на Импулс[6] од Ново Село. На крајот од годината програма емитуваа 44 комерцијални телевизии, 62 комерцијални радиостаници и четири непрофитни радиостаници.

Во овие пет години бројот на радиодифузери е намален за вкупно 24 – на почетокот на 2017 година дозвола да емитуваат програма имаа вкупно 134 субјекти, а на крајот на 2021 година 110 субјекти.

---

[1] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија (Уп1 Бр.08-424 од 26.11.2021 година)

[2] Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-дифузно друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ (Уп1 Бр.08-425 од 26.11.2021 година)

[3] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола (Уп1 Бр. 08-80 од 22.02.2021 година)

[4] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ-Куманово (Уп1 Бр. 08-217 од 13.04.2021 година)

[5] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 102КА-ФМ ДООЕЛ Струга (Уп1 Бр. 08-156 од 19.05.2021 година)

[6] Одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Ново Село (УП1 Бр. 08-333 од 25.08.2021 година)



# Македонска радиотелевизија

**МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**

Вкупните приходи на Македонската радиотелевизија во 2021 година изнесувале 979,56 милиони денари и во однос на минатата година тие се пониски за 3,22%.

Слика 7: Движење на вкупните приходи на МРТ во последните пет години




95.2% од вкупните приходи се средствата за финансирање на јавниот сервис (826,95 милиони денари) и т.н. останати деловни приходи (105,32 милиони денари).

И оваа година на јавниот сервис му биле префрлени помалку средства од државниот буџет отколку што е предвидено со законот.

Имено, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, износот на средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2021 година требаше да изнесува 1% од реализираните вкупни приходи во 2020 година.

74,5% од овој износ, односно 1.412,18 милиони денари требаше да бидат префрлени на сметката на МРТ. Но Владата на јавниот сервис му префрлила само 826,95 милиони денари, односно само 59% од законски предвидениот износ.

Слика 8: Предвидени и исплатени средства од државниот буџет за финансирање на МРТ




Со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година, се предвиде дека износот што од државниот буџет ќе го добива јавниот сервис (а исто така и ЈП МРД и АВМУ) од година в година ќе се зголемува – дека во 2019 година издвојувањето од буџетот ќе изнесува 0,8%, во 2020 година – 0,9%, а почнувајќи од 2021 година – 1%.

Меѓутоа, од 2019 година наваму, секоја година Македонската радиотелевизија добивала се помалку и помалку сердства по оваа основа.

Слика 9: Исплатени средства од државниот буџет за финансирање на МРТ во последните четири години




Важно е и дека 10,8% од вкупните приходи на јавниот сервис претставуваат т.н. „останати деловни приходи“ од кои, како што е посочено во Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година *„...најголем обем од остварените приходи се однесуваат на приходи по основ на отпис/укинување на резервацијата за пресметана камата за ММИ по основ на склучена спогодба, а која камата претходно беше искажана како*

*резервиран трошок ... како и на приходи по основ на данок на добивка и данок на додадена вредност кои од репрограмиран долг се пренесени во вонбилансна евиденција".*

Табела 3: Структура на вкупните приходи на МРТ во последните пет години

| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
|---|---|---|---|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ | 149.00 | 886.55 | 894.00 | 856.75 | 826.95 |
| Закупнина | 0.38 | 0.28 | 0.30 | 0.30 | 0.28 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка на МРТ согласно Законот на ААВМУ | 240.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Радиодифузна такса | 586.15 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од услуги во земјата | 3.80 | 4.13 | 2.07 | 2.07 | 2.23 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 5.83 | 0.27 | 0.46 | 0.10 | 0.80 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години) | 13.84 | 18.81 | 17.93 | 24.27 | 105.32 |
| Приходи од наплата на судски спорови | 0.00 | 0.01 | 0.18 | 0.78 | 2.98 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 7.12 | 4.79 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 25.08 | 34.33 | 12.99 | 7.13 | 40.73 |
| Приходи од Буџетот на РМ (Министерство за информатичко општество) член 92став 10 од Законот за ААВМУ | 6.29 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0.00 | 0.00 | 0.75 | 0.79 | 0.27 |
| Приходи од донација од ААВМУ | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 30.00 | 0.00 |
| Приходи од МИОА за програмски и технички-технолошки развој на ЈРП МРТ | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 90.00 | 0.00 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка за реализација на процесот на дигитализација на РА и ТВ програмата | 0.00 | 0.75 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО:** | **1,037.49** | **949.93** | **928.68** | **1,012.19** | **979.56** |

Приходите од рекламирање изнесувале 40,73 милиони денари. Според Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2021 година, зголемувањето на приходите од рекламирање во споредба со 2020 година се должи на тоа што поради намалување на превентивните мерки во врска со корона вирусот, во 2021 година се зголемил и бројот на одржани настани кои претходно биле одложени, а исто така биле одржани и многу други нови настани и манифестации од областа на културата, спортот и музиката.

Средствата што јавниот сервис ги потрошил во 2021 година изнесувале 985,42 милиони денари. Во однос на минатата година се зголемите сите видови на трошоци, со исклучок на заедничките трошоци.

Табела 4: Структура на трошоците на МРТ во последните пет години

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 389.67 | 370.47 | 399.06 | 439.03 | 464.77 |
| Патни и транспортни трошоци | 9.45 | 5.77 | 9.10 | 1.99 | 5.01 |
| Заеднички трошоци | 398.30 | 431.56 | 883.47 | 205.63 | 168.78 |
| Програмски права | 178.00 | 123.47 | 113.56 | 238.43 | 276.52 |
| Останати трошоци од работење | 52.90 | 39.76 | 50.64 | 52.64 | 70.34 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ:** | **1,028.32** | **971.03** | **1,455.83** | **937.72** | **985.42** |
| Набавка на опрема | 8.86 | 6.51 | 46.74 | 1.88 | 1.88 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **1,037.18** | **977.54** | **1,502.57** | **939.60** | **987.29** |

Трошоците за вработени биле највисока ставка во вкупните трошоци на јавниот сервис. Тие изнесувале 464,77 милиони денари, што претставува речиси половина (47,16%) од вкупно направените трошоци. Најголем дел од нив се бруто плати за вработените (452,73 милиони денари), но во овој износ се вклучени и трошоците за отпремнина на вработени кои оствариле право на пензија, регрес за годишен одмор, помош за вработени по разни основи, јубилејни награди, како и трошоци за едукација.

Трошоците за програмски права изнесувале 276,52 милиони денари. Овие средства биле наменети за откуп на права за пренос и емитување на спортски настани (СЕХА Лига - ракомет, ЕХФ Лига на шампиони - ракомет, уметничко лизгање, Македонски фудбалски куп – Македонска фудбалска лига, пренос на Летните олимписки игри 2020 година, кои поради пандемијата се одржаа во 2021 година, права за пренос на натпреварите од Европското првенство во одбојка 2021 година и др.), за копродукциски проекти по договори за заедничка соработка за снимање и емитување на ТВ проекти од областа на музиката, културата, образованието, детски и образовни емисии, останати програмски права за координација на радио вести и радио спорт, како и за откуп на права за филмови, серии, документарни емисии и детски анимирани серии.

Во групата заеднички трошоци спаѓаат трошоци за суровина и материјали, трошоци за енергија, за аудио и видео линии, за одржување на основните средства и градежните објекти, трошоци за одржување на веб страната на МРТ, за регистрација на возила и други. Овие трошоци изнесувале 168,78 милиони денари.

Оваа година Македонската радиотелевизија прикажала негативен финансиски резултат од работењето, и тоа износ од 6,74 милиони денари. Ова, како што е наведено во Финансискиот извештај на МРТ за 2021 година *„...произлегува единствено поради неисплатувањето на*

*средствата, односно поради намалениот износ на приход кој МРТ го добиваше од државата по основ на финансирање на радиодифузна дејност, а кој како таков, воопшто не кореспондира со одредбите во Законот за ААВМУ и чие континуирано намалување... има крајно негативно влијание, односно го отежнува севкупното тековно работење и ја доведува во прашање нејзината ликвидност...“.*

Просечниот број на вработени во МРТ во 2021 година бил 704 лица (43 лица помалку отколку претходната година), а на крајот од годината 606 лица биле во редовен работен однос и 79 биле хонорарно ангажирани.



# Комерцијални телевизии

## ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2021 година, заедничките приходи на терестријалните телевизии кои емитуваат програма на територијата на целата држава значително се зголемиле во однос на претходната година (за 24%) и  оваа година изнесуваат 1.200,01 милион денари.

Слика 10: Движење на вкупните приходи




Пораст на вкупните приходи има кај сите пет телевизии, но најголемо зголемување има кај Алсат-М - за 31% и кај Алфа - за 30%. Приходите на Сител се зголемиле за 25%, на Канал 5 за 22% и на Телма за 12%.

Во вкупните приходи на овие телевизии е опфатена и финансиската помош од државата, во висина од 41,9 милиони денари за сите пет телевизии, како поддршка за справување со кризата од пандемијата од вирусот Ковид-19, обезбедена за реализација на мерката 3 од Петтиот пакет економски мерки (по 2,78 милиони денари за секоја телевизија за надомест на трошокот за дозволата за емитување и по 5,6 милиони денари за надомест за трошокот за пренос на сигналот преку терестријалниот дигитален мултиплекс). Покрај тоа, освен ТВ Алсат-М, останатите четири телевизии користеа и субвенции за придонеси од плата за вработените во вкупен износ од 18,89 милиони денари.

Табела 5: Структура на приходите на терестријалните телевизии на државно ниво

| ТВ | реклами и телешопинг | продажба на содржини | приходи од услуги обезбедени од трети страни | останати приходи | **ПРИХОДИ ОД ОСНОВНА ДЕЈНОСТ** | приходи од други дејности | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 48.53 | 94.30 | 0.00 | 12.68 | **155.52** | 0.00 | **155.52** |
| ТВ Алсат-М | 173.43 | 0.00 | 0.00 | 12.02 | **185.45** | 0.00 | **185.45** |
| ТВ Канал 5 | 262.12 | 0.00 | 0.00 | 14.22 | **276.34** | 0.00 | **276.34** |
| ТВ Сител | 410.96 | 0.00 | 0.00 | 37.67 | **448.63** | 0.01 | **448.64** |
| ТВ Телма | 108.24 | 0.00 | 4.23 | 21.59 | **134.06** | 0.00 | **134.06** |

ТВ Алфа е единствената телевизија којашто прикажала приходи од продажба на содржини.

Во периодот од 2017 до 2021 година, највисоки вкупни приходи телевизиите Алфа, Алсат-М и Канал 5 оствариле токму во анализираната година, Ситела во 2019 година, а Телма во 2017 година.

Слика 11: Поединечни вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Економските податоци за овие пет телевизии покажуваат дека тие генерално се финансираат од продажба на времето за рекламирање, освен Алфа, кај која доминантен извор на финансирање во 2021 година била продажбата на содржини.

Приходите од рекламирање изнесувале 1,003.28 милиони денари, што претставува 83,6% од вкупните остварени приходи. Во овој износ се вклучени и приходите коишто петте телевизии ги

оствариле од платено политичко рекламирање за време на локалните избори во 2021 година, во вкупен износ од 108,51 милион денари (од кои Канал 5 остварила 30,73 милиони денари, Алсат-М 28,89 милиони денари, Сител 27,48 милиони денари, Телма 13,57 милиони денари и Алфа 7,84 милиони денари). Без нив, стапката на раст на приходите само од комерцијално огласување е 17,41% повисока отколку во 2020 година.

Слика 12: Движење на приходите од рекламирање (со и без ППР) на терестријалните телевизии




Не е неочекувано што приходите од реклами во 2021 година се повисоки отколку во претходната година, поради фактот што најголемиот удар врз индустријата пандемијата со Ковид 19 го имаше во 2020 година. Меѓутоа, од сликата бр.12 се гледа дека се уште не е достигнато нивото од двете предпандемиски години и дека е потребен период индустријата да заздрави.

Слика 13: Учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи од реклами во последните пет години



Во периодот од 2017 до 2021 година, Сител секогаш имала најголем удел во вкупните приходи од реклами кои ги остварувале петте терестријални телевизии,  а речиси двојно помалку секоја година имала Канал 5. Оваа година, пад на уделот во приходите од рекламирање има кај Алфа - од 12% на 5%, и кај Телма – од 12% на 10%, а уделот на останатите три телевизии се зголемил за по два процентни поени.

Овие пет телевизии заедно потрошиле 1,135.83 милиони денари. Во споредба со минатата година, вкупните трошоци се зголемиле за 10,53%.

Слика 14: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Најмногу средства телевизиите издвоиле за набавка на содржини - 365,05 милиони денари. Останатите трошоци за создавање програма, во кои влегуваат материјалните трошоци, нематеријалните трошоци (услуги) и платите за лицата директно поврзани со производство на програма изнесувале речиси 416 милиони денари.

Слика 15: Трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво




Сител потрошила најмногу средства за набавка на содржини (193,26 милиони денари) и за плати за вработените кои се директно поврзани со производство на програма (84,99 милиони денари), Канал 5 имала највисоки материјални трошоци (20,97 милиони денари), а Алфа највисоки нематеријални трошоци (26,12 милиони денари).

Табела 6: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво

| ТВ | материјални трошоци | трошоци за набавка на содржини | нематеријални трошоци (услуги) | плати и други надоместоци за лица директно поврзани со производство на програма | **ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ ЗА СОДАВАЊЕ ПРОГРАМА** | Други трошоци | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 1.31 | 21.04 | 26.12 | 54.73 | 103.20 | 38.71 | 141.91 |
| ТВ Алсат-М | 0.33 | 25.27 | 11.21 | 63.96 | 100.76 | 65.21 | 165.97 |
| ТВ Канал 5 | 20.97 | 94.48 | 0.00 | 50.93 | 166.38 | 108.84 | 275.22 |
| ТВ Сител | 8.31 | 193.26 | 21.61 | 84.99 | 308.16 | 117.91 | 426.07 |
| ТВ Телма | 1.10 | 31.01 | 18.85 | 51.22 | 102.18 | 24.48 | 126.66 |

Во периодот од последните пет години, за прв пат во анализираната година сите пет телевизии оствариле позитивен финансиски резултат (добивка од 52,17 милиони денари). Најголема добивка имале Алсат-М (17,09 милиони денари) и Сител (16,35 милиони денари). Иако прикажале добивка,

сепак резултатот од работењето на Алфа и Сител бил значително помал во однос на оној во 2019 година – пред почетокот на пандемијата со КОВИД 19.

Табела 7: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 1.67 | 9.51 | 39.33 | -8.85 | 11.17 |
| ТВ Алсат-М | 5.85 | 5.36 | 8.44 | 0.53 | 17.09 |
| ТВ Канал 5 | 0.86 | 0.28 | 1.5 | -12.11 | 0.16 |
| ТВ Сител | 46.85 | 18.68 | 28.45 | -21.89 | 16.35 |
| ТВ Телма | -18.99 | -21.48 | -21.91 | -17.47 | 7.4 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 612 лица. Споредено со претходната година, просечниот број на вработени останал непроменет во Алфа и Канал 5, во Алсат-М се намалил за четири лица, а во Сител и Телма се зголемил за четири, односно за три лица. Најмногу вработени имало во ТВ Сител (153 лица), а најмалку во Телма (103 лица).

Слика 16: Просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии за 2020 и 2021 година




На 31.12.2021 година, вкупниот број на вработени во овие пет телевизии изнесувал 749 лица, од кои 614 биле во редовен работен однос, а 135 биле хонорарно ангажирани.

Во 2021 година најгледани телевизии биле Сител и Канал 5, со просечен неделен досег од 62,14%, односно 58,11%.

Слика 17: Просечен дневен и неделен досег на терестријалните телевизии на државно ниво



**ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС**

Пазарот на телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс го сочинуваат шест телевизии – 24 Вести и Наша ТВ кои емитуваат преку сателит и телевизиите Компани 21-М, Шења, Клан и Сонце кои емитуваат преку јавна електронска комуникациска мрежа. Нивните заеднички приходи во 2021 година изнесувале 157,13 милиони денари. Овој износ, во споредба со претходната година, е повисок за 11.50%.

44% од вкупните приходи на овие шест телевизии се финансиската помош за покривање на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во висина од 15,47 милиони денари и приходите од платено политичко рекламирање во висина од 53,66 милиони денари.

Слика 18: Движење на поединечните вкупни приходи на телевизиите на државно ниво во последните пет години




Освен Наша ТВ, која најмногу приходи остварила по други основи (отпис на обврски, приходи од отпишани побарувања), сите останати телевизии главно се финансирале од продажба на времето за рекламирање. Воедно, Наша ТВ е и единствената телевизија која прикажала приходи од продажба на содржини.

Табела 8: Структура на приходите на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| ТВ | реклами и телешопинг | продажба на содржини | останати приходи | **ПРИХОДИ ОД ОСНОВНА ДЕЈНОСТ** | вонредни приходи | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 42.87 | 0.00 | 0.00 | **42.87** | 11.14 | **54.01** |
| Наша ТВ | 1.49 | 0.30 | 3.26 | **5.05** | 0.00 | **5.05** |
| ТВ Компани 21-М | 57.76 | 0.00 | 5.38 | **63.15** | 0.01 | **63.16** |
| ТВ Шења | 8.64 | 0.00 | 5.80 | **14.44** | 0.00 | **14.44** |
| ТВ Клан | 18.83 | 0.00 | 0.00 | **18.83** | 1.42 | **20.25** |
| ТВ Сонце | 0.20 | 0.00 | 0.02 | **0.22** | 0.00 | **0.22** |

Овие шест телевизии заедно од рекламирање оствариле 129,79 милиони денари, при што најмногу остварила Компани 21-М (57,76 милиони денари), а најмалку ТВ Сонце (0,20 милиони денари).

Приходите од реклами на Компани 21-М, Клан и Сонце учествувале со над 90% во вкупните приходи на секоја од овие три телевизии. Учеството на овие приходи кај Шења изнесувало 60%, а најниско било кај Наша ТВ – 30%.

Табела 9: Удел на приходите од реклами во вкупните приходи на секоја телевизија на државно ниво преку неограничен ресурс

| | ТВ 24 Вести | Наша ТВ | ТВ Компани 21-М | ТВ Шења | ТВ Клан | ТВ Сонце |
|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупни приходи | 54.01 | 5.05 | 63.16 | 14.44 | 20.25 | 0.22 |
| приходи од реклами | 42.87 | 1.49 | 57.76 | 8.64 | 18.83 | 0.2 |
| учество | **79.37%** | **29.50%** | **91.45%** | **59.83%** | **92.99%** | **90.91%** |

41% од приходите остварени од продажба на времето за рекламирање биле од платено политичко рекламирање (ППР) за време на локалните избори во 2021 година. Гледано засебно по телевизија, 80% од приходите од реклами на Клан биле од ППР, кај Шења тие изнесувале 63% од приходите од рекламирање, кај Компани 21-М 44% и кај 24 Вести 18%. Претставено во апсолутни вредности, 24 Вести од ППР остварила 7,61 милион денари, Компани 21-М 25,63 милиони денари, Шења 5,40 милиони денари и Клан 15,02 милиони денари. Наша ТВ и Сонце не емитувале платено политичко рекламирање.

Доколку се погледнат приходите од реклами без платеното политичко рекламирање, може да се забележи дека во однос на 2020 година приходите од реклами ги зголемиле Клан, Компани 21-М и Сонце (незначително), а кај 24 Вести, Шења и Наша ТВ тие се намалиле.

Приходите остварени само од комерцијално огласување (без платено политичко рекламирање) се за 19,87% повисоки отколку во 2020 година.

Слика 19: Приходи од реклами (без ппр) на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2020 и 2021 година




Во анализираната година, најголем удел во приходите од рекламирање имале приходите на Компани 21-М. Раст на уделот во однос на претходната година имало кај Клан, Шења и Компани 21-М, додека уделот на 24 Вести и на Наша ТВ се намалил. Уделот на приходите од реклами на Сонце е незначителен и истиот не може да се изрази во проценти.

Слика 20: Учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи од реклами на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2020 и 2021 година



Заедничките трошоци на овие телевизии изнесувале 173,38 милиони денари. Споредено со минатата година, тие се намалиле за 8,69%.

Слика 21: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години




Најголем трошок на овие шест телевизии бил трошокот за производство на програма, кој изнесувал 92,52 милиони денари, односно 53,36% од вкупните трошоци. Овој износ го сочинуваат материјалните трошоци, нематеријалните трошоци и платите за вработени кои се директно поврзани со производство на програмата. Од овие видови на трошоци, најмногу средства биле потрошени за плати за вработените – 77,57 милиони денари.

За разлика од трошоците за производство на програма, трошокот за набавка на содржини бил многу мал - само 7,92 милиони денари (4,57% од вкупните трошоци), што укажува на тоа дека овие телевизии повеќе вложувале во сопствено производство, отколку во набавка на содржини.

Табела 10: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| ТВ | материјални трошоци | трошоци за набавка на содржини | нематеријални трошоци (услуги) | плати и други надоместоци за лица директно поврзани со производство на програма | **ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ ЗА СОДАВАЊЕ ПРОГРАМА** | Други трошоци | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 1.46 | 0.48 | 4.34 | 39.30 | **45.57** | 13.38 | **58.95** |
| Наша ТВ | 0.02 | 0.12 | 1.48 | 1.64 | **3.26** | 3.88 | **7.14** |
| ТВ Компани 21-М | 2.26 | 3.76 | 0.27 | 14.64 | **20.94** | 34.68 | **55.62** |
| ТВ Шеења | 0.11 | 0.84 | 0.00 | 6.99 | **7.94** | 3.82 | **11.76** |
| ТВ Клан | 1.69 | 1.02 | 0.00 | 15.00 | **17.71** | 9.93 | **27.64** |
| ТВ Сонце | 0.49 | 1.70 | 2.83 | 0.00 | **5.02** | 7,25 | **12.27** |

Оваа година со добивка работеле две телевизии - Компани 21-М (7,40 милиони денари) и Шења (2,36 милиони денари). Останатите четири телевизии годината ја завршиле со загуба, а највисока била загубата на Сонце – 12,05 милиони денари.

Табела 11: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години

| ТВ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | -20.82 | -2.44 | -8.54 | -1.55 | -4.94 |
| Наша ТВ | -7.25 | -11.44 | -0.12 | -5.80 | -2.08 |
| ТВ Компани 21-М | -60.40 | -45.06 | -31.74 | -18.90 | 7.40 |
| ТВ Шења | -11.44 | -2.68 | 1.61 | -0.97 | 2.36 |
| ТВ Клан | -3.33 | 0.66 | -11.52 | -10.01 | -7.39 |
| ТВ Сонце | -18.32 | -19.57 | -15.38 | -11.75 | -12.05 |

Бројот на вработени лица во редовен работен однос на крајот од годината изнесувал 224, што е за 12 лица помалку од претходната година, а бројот на хонорарно ангажираните бил за девет лица помал отколку во 2020 година и изнесувал 90.

Просечниот број на вработени  во редовен работен однос изнесувал 228 лица. Зголемување имало кај 24 Вести за едно лице и кај Клан за десет лица. Просечниот број на вработени се намалил за седум лица кај Компани 21-М, додека кај Наша ТВ, Шења и Сонце останал непроменет.

Табела 12: Број на вработени во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| ТВ | 2021 | | |
|---|---|---|---|
| | редовен работен однос | хонорарно ангажирани | просечен број на вработени во рро |
| ТВ 24 Вести | 86 | 12 | 98 |
| Наша ТВ | 1 | 32 | 1 |
| ТВ Компани 21-М | 41 | 27 | 38 |
| ТВ Шења | 37 | 0 | 35 |
| ТВ Клан | 41 | 0 | 38 |
| ТВ Сонце | 18 | 19 | 18 |
| **Вкупно** | **224** | **90** | **228** |

Од двете сателитски телевизии (24 Вести и Наша ТВ), значително поголема гледаност имала 24 Вести, а од четирите телевизии кои емитуваат програма преку кабел најгледана била Компани 21-

М. На сликата подолу се дадени вредностите за просечниот дневен и неделен досег на шестте телевизии, како и нивниот удел во вкупната гледаност.

Слика 22: Просечен дневен досег, неделен досег и удел во вкупната гледаност на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс



**ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО**

Телевизиска програма на регионално ниво во текот на целата 2021 година емитуваа вкупно 18 телевизии, но во анализата се обработени податоците за економското работење на 17, поради тоа што телевизијата Сити, која емитуваше во регионот Д1-Црн Врв Скопје, се откажа од дозволата во март 2022 година и не достави податоци за своето работење во претходната година.

Заедничките приходи на 17-те регионални телевизии изнесуваат 99.19 милиони денари. Речиси половината од овој износ, поточно 49% се финансиската помош за справување со последиците од пандемијата во вкупен износ од 10,72 милиони денари (7 милиони денари ослободување од обврската за плаќање на надоместокот за дозволата и 3,72 милиони денари покривање на трошоците за пренос на сигналот преку дигиталниот терестријален мултиплекс на шест регионални терестријални телевизии[7]) и приходите од платено политичко рекламирање во вкупен износ од 38,37 милиони денари.

Најголем дел од вкупните приходи се остварени од продажба на рекламното време (70,90%).

Слика 23: Структура на приходите на регионалните телевизии




[7] Станува збор за ТВ МТМ, ТВ Шутел, ТВ Едо, ТВ Ера, ТВ КТВ и ТВ Коха

Најголемо зголемување на вкупните приходи во однос на 2020 година имало кај Тера (за 5,62 милиони денари), која воедно остварила и највисоки приходи од сите регионални телевизии - износ од 15,20 милиони денари, и кај Коха (за 4,46 милиони денари), чијшто вкупни приходи изнесувале 12,84 милиони денари.

Табела 13: Вкупни приходи на регионалните телевизии во 2020 и 2021 година

| ТВ | **2020** | **2021** |
|---|---:|---:|
| ТВ Сити | 4.46 | н.п. |
| ТВ Едо | 3.97 | 2.99 |
| ТВ Ера | 10.54 | 12.08 |
| ТВ МТМ | 6.08 | 6.85 |
| ТВ Шутел | 4.26 | 3.25 |
| ТВ КТВ | 2.08 | 4.13 |
| ТВ Ирис | 2.23 | 1.81 |
| ТВ Стар | 8.36 | 10.35 |
| ТВ М Нет-ХД | 0.32 | 2.56 |
| ТВ Канал Вис | 9.98 | 8.71 |
| ТВ Кобра | 1.77 | 1.75 |
| ТВ Тера | 9.58 | 15.20 |
| ТВ М | 5.01 | 8.45 |
| Телевизија 3 | 0.36 | 0.64 |
| ТВ Коха | 8.38 | 12.84 |
| ТВ Полог | 1.28 | 1.49 |
| ТВ Топестрада | 2.53 | 1.22 |
| ТВ К&М | 2.48 | 4.86 |
| **Вкупно:** | **83.65** | **99.19** |

Приходите реализирани во 2021 година биле повисоки за 18,58% отколку оние во претходната година, а тоа најмногу се должи на зголемувањето на приходите од продажба на времето за рекламирање кои ги оствариле регионалните телевизии. Во 2020 година тие од рекламирање оствариле 56,41 милион денари, а во 2021 година 70,33 милиони денари.

Во табелата подолу може да се види доминантното учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи во сите радиодифузни региони каде што има регионални телевизии.

Табела 14: Удел на приходите од реклами во вкупните приходи на регионалните телевизии

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупни приходи | 25.18 | 4.13 | / | 14.72 | 10.46 | 15.20 | 8.45 | 0.64 | 20.41 |
| приходи од реклами | 15.20 | 2.52 | / | 12.67 | 8.83 | 8.26 | 5.28 | 0.64 | 16.93 |
| **учество** | **60.37%** | **61.02%** | **/** | **86.07%** | **84.42%** | **54.34%** | **62.49%** | **100.00%** | **82.95%** |

Како и минатата година, највисоки приходи од реклами имале Коха (11,64 милиони денари), Ера (9,92 милиони денари) и Стар (9,78 милиони денари).

Повеќе од половина од приходите од реклами се остварени од платено политичко рекламирање за време на локалните избори во 2021 година, односно од вкупно 70,33 милиони денари од реклами, 38,37 милиони денари се од платено политичко рекламирање.

Приходи од продажба на содржини прикажале само три телевизии - МТМ од Д1-Скопје (0,35 милиони денари), Тера од Д5-Пелистер (3,32 милиони денари) и К&М од Д8-Попова Шапка (незначителен износ од 0,01 милион денари).

Исто толку телевизии оствариле и приходи од услуги обезбедени на трети страни. Станува збор за телевизиите Шутел од Д1-Скопје (0,62 милиони денари), Тера од Д5-Пелистер (2,34 милиони денари) и К&М од Д8-Попова Шапка (1,16 милиони денари).

Приходи остварени по основ на спонзорирање емисии или делови од емисии прикажале само две регионални телевизии, и тоа ТВ М од Д6-Мали Влај (2,83 милиони денари) и Коха од Д8-Попова Шапка (0,16 милиони денари).

Табела 15: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии по радиодифузни региони

| | **Д1-Скопје** | **Д1-Велес** | **Д2** | **Д3** | **Д4** | **Д5** | **Д6** | **Д7** | **Д8** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 15.20 | 2.52 | / | 12.68 | 8.83 | 8.26 | 5.28 | 0.64 | 16.93 |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2.83 | 0.00 | 0.16 |
| Продажба на содржини | 0.35 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 3.32 | 0.00 | 0.00 | 0.01 |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.62 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 2.34 | 0.00 | 0.00 | 1.16 |
| Останати приходи | 4.86 | 1.61 | / | 1.52 | 1.63 | 1.11 | 0.34 | 0.00 | 1.50 |
| **Приходи од основна дејност** | **21.02** | **4.13** | **/** | **14.20** | **10.46** | **15.03** | **8.45** | **0.64** | **19.76** |
| Приходи од други дејности | 0.03 | 0.00 | / | 0.04 | 0.00 | 0.17 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Вонредни приходи | 4.12 | 0.00 | / | 0.48 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.65 |
| **Вкупно приходи** | **25.18** | **4.13** | **/** | **14.72** | **10.46** | **15.20** | **8.45** | **0.64** | **20.41** |

Заедничките трошоци на регионалните телевизии изнесувале 91,89 милиони денари, што е за 8,25% повеќе во однос на минатата година.

Слика 24: Движење на вкупните трошоци на регионалните телевизии во последните пет години




Анализата на економските податоци покажува дека речиси 60% од вкупните трошоци на регионалните телевизии се директни трошоци за создавање програма. Во периодот од последните пет години, трошоците за производство на програмски содржини и трошоците за набавка на содржини најголем пад имаат во 2018 година во однос на 2017 година.

Табела 16: Директни трошоци за создавање програма во последните пет години

| Трошок за: | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| производство на содржини | 65.45 | 58.11 | 51.24 | 50.9 | 50.51 |
| набавка на содржини | 10.81 | 2.73 | 3.08 | 3.34 | 3.96 |

Од структурата на трошоците што ги направиле регионалните телевизии може да се забележи дека најмногу средства тие вложиле во производство на сопствена програма. Најголем износ за оваа намена издвоила Стар – 8,23 милиони денари.

За плати на вработените кои се директно поврзани со производство на програма биле потрошени 39,78 милиони денари, што претставува 79% од трошоците за создавање програма.

И оваа година, како и претходната, највисоки трошоци направиле Канал Вис (15,77 милиони денари) и Ера (12,63 милиони денари).

Табела 17: Структура на вкупните трошоци на регионалните телевизии по радиодифузни региони

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Материјални трошоци | 1.10 | 0.22 | / | 0.77 | 1.09 | 1.02 | 1.79 | 0.00 | 0.54 |
| Трошоци за набавка на програма | 1.06 | 0.15 | / | 0.81 | 0.12 | 1.07 | 0.41 | 0.02 | 0.31 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 1.15 | 0.05 | / | 0.93 | 0.00 | 0.87 | 1.20 | 0.00 | 0.00 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 9.00 | 2.08 | / | 10.32 | 4.10 | 4.08 | 2.76 | 2.11 | 5.34 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **12.31** | **2.50** | **0.00** | **12.83** | **5.31** | **7.04** | **6.16** | **2.13** | **6.19** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | 1.27 | 0.32 | 0.00 | 0.00 | 0.94 |
| Амортизација на опремата | 1.48 | 0.06 | / | 0.66 | 0.93 | 1.07 | 0.47 | 0.00 | 3.67 |
| Амортизација на права и лиценци | 1.21 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 4.64 | 0.02 | / | 0.00 | 0.26 | 0.40 | 0.00 | 0.22 | 0.52 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 1.60 | 1.17 | / | 0.41 | 10.17 | 0.26 | 0.30 | 0.02 | 2.34 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **21.24** | **3.75** | **0.00** | **13.90** | **17.94** | **9.09** | **6.93** | **2.37** | **13.66** |
| Расходи од други активности | 0.00 | 0.00 | / | 0.01 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Вонредни расходи | 2.86 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 0.14 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **24.10** | **3.75** | **0.00** | **13.91** | **17.94** | **9.23** | **6.93** | **2.37** | **13.66** |

Во 2021 година регионалните телевизии заедно оствариле позитивен финансиски резултат во висина од 5,82 милиони денари. Најдобар финансиски резултат имала Тера – добивка од 5,45 милиони денари. Годината со загуба ја завршиле пет телевизии (Ера, Ирис, Канал Вис, Кобра и Телевизија 3).

Бројот на вработени во регионалните телевизии се намалил во споредба со 2020 година, и на лицата во редовен работен однос (за 10 лица), и на хонорарно ангажираните (за 17 лица). Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 118 лица.

Табела 18: Број на вработени во регионалните телевизии

| **ТВ** | **2021** | | |
|---|---|---|---|
| | **редовен работен однос** | **хонорарно ангажирани** | **просечен број на вработени во рро** |
| ТВ Сити | н.п. | н.п. | н.п. |
| ТВ Едо | 7 | 8 | 7 |
| ТВ Ера | 25 | 0 | 23 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ТВ МТМ | 3 | 7 | 3 |
| ТВ Шутел | 6 | 0 | 3 |
| ТВ КТВ | 6 | 6 | 6 |
| ТВ Ирис | 4 | 6 | н.п. |
| ТВ Стар | 9 | 6 | 9 |
| ТВ М Нет-ХД Штип | 4 | 7 | 5 |
| ТВ Канал Вис | 13 | 0 | 13 |
| ТВ Кобра | 5 | 5 | 5 |
| ТВ Тера | 9 | 5 | 9 |
| ТВ М | 8 | 5 | 8 |
| Телевизија 3 | 4 | 4 | 3 |
| ТВ Коха | 12 | 1 | 12 |
| ТВ Полог | 1 | 9 | 1 |
| ТВ Топестрада | 1 | 6 | 1 |
| ТВ К&М | 12 | 3 | 10 |
| **Вкупно** | **129** | **78** | **118** |

Во 2021 година, најгледана регионална телевизија била Коха. Просечниот неделен досег на оваа телевизија бил 30,40%, а уделот во гледаноста во регионот 2,83%.

Табела 19: Просечен неделен досег и удел во гледаноста на регионалните телевизии

| Регион | Телевизија | Просечен неделен досег | Удел во гледаноста во регионот | Удел во вкупната гледаност |
|---|---|---|---|---|
| Д1-Црн Врв/Скопје | ТВ Сити | 0.70% | 0.13% | 0.04% |
| | ТВ Едо | 1.90% | 0.40% | 0.12% |
| | ТВ Ера | 1.60% | 0.39% | 0.12% |
| | ТВ МТМ | 1.20% | 0.09% | 0.03% |
| | ТВ Шутел | 1.10% | 0.35% | 0.11% |
| Д1-Црн Врв/Велес | ТВ КТВ | 6.30% | 1.47% | 0.14% |
| Д3-Туртел | ТВ Ирис | 7.80% | 0.55% | 0.05% |
| | ТВ Стар | 18.70% | 2.26% | 0.23% |
| | ТВ М Нет-ХД | 5.80% | 0.25% | 0.03% |
| Д4-Боскија | ТВ Канал Вис | 17.30% | 1.32% | 0.10% |
| | ТВ Кобра | 1.60% | 0.43% | 0.03% |
| Д5-Пелистер | ТВ Тера | 11.10% | 1.57% | 0.27% |
| Д6-Мали Влај | ТВ М | 5.70% | 1.01% | 0.04% |
| Д7-Стогово | Телевизија 3 | 8.10% | 1.01% | 0.04% |
| Д8-Попова Шапка | ТВ Коха | 30.40% | 2.83% | 0.29% |
| | ТВ Полог | 2.00% | 0.26% | 0.02% |
| | ТВ Топестрада | 12.70% | 0.58% | 0.07% |
| | ТВ К&М | 5.50% | 0.57% | 0.06% |

**<u>ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО</u>**

Вкупниот износ на приходи коjшто во 2021 година го оствариле локалните телевизии изнесувал 39,24 милиони денари.

65,24% од овоj износ се приходите од платено политичко рекламирање (25,6 милиони денари).

Покраj тоа, во вкупните приходи е опфатена и финансиската помош што jа добиjа во анализираната година во вид на ослободување од обврската за плаќање на надоместокот во висина од 1,68 милиони денари.

Слика 25: Движење на вкупните приходи на локалните телевизии во последните пет години




Во споредба со 2020 година, вкупните приходи се зголемиле за 54,25%. Гледано поединечно по телевизии, повисоки приходи прикажале 12 локални телевизии, а три ги намалиле приходите.

Табела 20: Вкупни приходи на локалните телевизии во 2020 и 2021 година

| | 2020 | 2021 |
|---|---|---|
| Феста | 1.44 | 1.81 |
| Нова* | 1.27 | / |
| ТВ К | 1.37 | 1.38 |
| Канал 8 | 2.15 | 2.34 |
| Протел | 1.14 | 1.74 |
| Канал 21 | 0.67 | 0.49 |
| Здравкин | 0.03 | 0.04 |
| Свет | 0.83 | 0.92 |
| Калтрина | 1.03 | 3.85 |
| Спектра | 1.12 | 1.78 |
| Дибра | 1.09 | 0.91 |

| | | |
|---|---|---|
| Гурра | 1.83 | 0.99 |
| Дуе | 2.49 | 6.22 |
| Г-ТВ | 2.37 | 6.73 |
| Плус | 4.89 | 6.82 |
| Ускана медиа | 1.74 | 3.21 |

*АВМУ не располага со податоци за економското работење на оваа телевизија, бидејќи дозволата на овој радиодифузер престана да важи во ноември 2021 година

Највисоки вкупни приходи прикажале Плус (6,82 милиони денари), Г-ТВ (6,73 милиони денари) и Дуе (6,22 милиони денари).

Речиси 90% од приходите биле остварени од продажба на рекламното време. Овие приходи бележат пораст од 72,90% во однос на 2020 година, а зголемувањето се должи на значително повисоките приходи кои телевизиите ги оствариле од платено политичко рекламирање за време на локалните избори (вупно 25,61 милион денари). Само од комерцијално огласување телевизиите оствариле 9,35 милиони денари, односно 13,90% помалку отколку во претходната година.

Слика 26: Приходи од реклами (со и без ППР) кај локалните телевизии во 2020 и 2021 година




Трите телевизии кои прикажале највисоки вкупни приходи имале и највисоки приходи од реклами. Приходите од рекламирање на Плус изнесувале 5,69 милиони денари, на Дуе - 6,22 милиони денари (целиот приход на оваа телевизија бил остварен од реклами) и на Г-ТВ – 6,39 милиони денари.

Телевизија Плус е единствената локална телевизија која прикажала приходи од продажба на содржини (износ од 0,54 милиони денари), Г-ТВ е единствената која остварила приходи од

спонзорства (износ од 0,1 милион денари), а Свет е единствената која остварила приходи од услуги обезбедени на трети страни (износ од 0,52 милиони денари).

Табела 21: Структура на приходите на локалните телевизии

| ТВ | реклами и телешопинг | спонзорства | продажба на содржини | приходи од услуги обезбедени на трети страни | останати приходи | **ПРИХОДИ ОД ОСНОВНА ДЕЈНОСТ** | вонредни приходи | **ВКУПНО ПРИХОДИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Феста | 1.44 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.20 | **1.64** | 0.17 | **1.81** |
| ТВ К | 1.22 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.17 | **1.38** | 0.00 | **1.38** |
| Канал 8 | 1.71 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.29 | **2.00** | 0.33 | **2.34** |
| Протел | 1.46 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | **1.46** | 0.28 | **1.74** |
| Канал 21 | 0.48 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | **0.48** | 0.01 | **0.49** |
| Здравкин | 0.04 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | **0.04** | 0.00 | **0.04** |
| Свет | 0.36 | 0.00 | 0.00 | 0.52 | 0.05 | **0.92** | 0.00 | **0.92** |
| Калтрина | 3.60 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | **3.60** | 0.24 | **3.85** |
| Спектра | 1.52 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.03 | **1.55** | 0.23 | **1.78** |
| Дибра | 0.91 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | **0.91** | 0.00 | **0.91** |
| Гурра | 0.80 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.19 | **0.99** | 0.00 | **0.99** |
| Дуе | 6.22 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | **6.22** | 0.00 | **6.22** |
| Г-ТВ | 6.39 | 0.10 | 0.00 | 0.00 | 0.24 | **6.73** | 0.00 | **6.73** |
| Плус | 5.69 | 0.00 | 0.54 | 0.00 | 0.59 | **6.82** | 0.00 | **6.82** |
| Ускана медиа | 3.10 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.11 | **3.21** | 0.00 | **3.21** |

Од вкупно 29,29 милиони денари, колку што заедно потрошиле сите телевизии, најмногу средства биле наменети за продукција на програма - 17,99 милиони денари, односно 61,42% од вкупните трошоци.

Слика 27: Движење на вкупните трошоци на локалните телевизии во последните пет години



Најмногу средства потрошиле трите телевизии коишто оствариле и највисоки приходи. Станува збор за Г-ТВ, која потрошила 5,76 милиони денари, Плус - со потрошени 4,80 милиони денари, и Дуе со 4,15 милиони денари.

Најголем износ од средствата наменети за производство на програма биле потрошени за плати на вработените (10,72 милиони денари). За материјални трошоци телевизиите издвоиле 2,31 милион денари, а за нематеријални трошоци (услуги) - 4,95 милиони денари.

Слика 28: Структура на трошоците на локалните телевизии




Резултатот од работењето на локалните телевизии бил добивка од 9,40 милиони денари. Локална телевизија со најдобар финансиски резултат била Калтрина, која остварила добивка од 1,98 милиони денари. Пет телевизии прикажале негативен финансиски резултат, а загубата на Здравкин била највисока – 0,57 милиони денари.

Бројот на лицата во редовен работен однос во 2021 година изнесувал 43, додека пак хонорарно ангажирани биле 64 лица.

Табела 22: Број на вработени во локалните телевизии

| ТВ | 2021 | | |
|---|---|---|---|
| | редовен работен однос | хонорарно ангажирани | просечен број на вработени во рро |
| ТВ Феста | 1 | 6 | 1 |
| ТВ К | 5 | 0 | 2 |
| ТВ Канал 8 | 2 | 3 | 2 |
| ТВ Протел | 4 | 2 | 4 |
| ТВ Канал 21 | 1 | 4 | 1 |
| ТВ Здравкин | 1 | 4 | 1 |
| ТВ Свет | 2 | 5 | 2 |
| ТВ Калтрина | 5 | 6 | 3 |
| ТВ Спектра | 2 | 3 | 1 |
| ТВ Дибра | 3 | 6 | 3 |
| ТВ Гурра | 1 | 6 | 1 |
| ТВ Дуе | 3 | 3 | 3 |
| Г-ТВ | 4 | 3 | 4 |
| ТВ Плус | 7 | 8 | 6 |
| ТВ Ускана медиа | 2 | 5 | 3 |
| **Вкупно** | **43** | **64** | **37** |

И оваа година најгледана локална телевизија била Протел, со просечен неделен досег од 18,13% и удел во гледаноста во регионот од 5%. Во табелата подолу се претставени податоците за гледаноста на сите локални телевизии.

Табела 23: Просечен неделен досег и удел во гледаноста на локалните телевизии

| **Телевизија** | **Просечен неделен досег** | **Удел во гледаноста во регионот** | **Удел во вкупната гледаност** |
|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 5.48% | 0.82% | 0.05% |
| ТВ К | 7.25% | 1.28% | 0.04% |
| ТВ Канал 8 | 3.15% | 1.22% | 0.04% |
| ТВ Протел | 18.13% | 5.00% | 0.07% |
| ТВ Канал 21 | 5.60% | 1.28% | 0.04% |
| ТВ Здравкин | 7.90% | 1.22% | 0.04% |
| ТВ Свет | 9.88% | 1.02% | 0.02% |
| ТВ Калтрина | 7.00% | 1.46% | 0.03% |
| ТВ Спектра | 10.10% | 1.34% | 0.02% |
| ТВ Дибра | 8.38% | 1.89% | 0.03% |
| ТВ Гурра | 2.70% | 0.15% | 0.01% |
| ТВ Дуе | 10.50% | 1.86% | 0.05% |
| Г-ТВ | 10.53% | 1.28% | 0.03% |
| ТВ Плус | 5.75% | 1.18% | 0.06% |
| ТВ Ускана медиа | 5.73% | 0.60% | 0.02% |



# Комерцијални радиостаници

**РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО**

Приходите коишто заедно ги оствариле радиостаниците на државно ниво изнесувале 64,50 милиони денари. 10,16% од овој износ се приходите од платено политичко рекламирање (3,65 милиони денари) и финансиската помош со која од државниот буџет беа покриени трошоците за надоместокот за доволата (2,9 милиони денари).

Забележително повисоки приходи од останатите две радиостаници оствариле Канал 77 (28,52 милиони денари) и Антена 5 (25,42 милиони денари). Вкупните приходи на Метрополис изнесувале 7,65 милиони денари, а најмалку приходи остварило Јон радио – само 2,91 милион денари.

Слика 29: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во последните пет години




Највисоки вкупни приходи имала Канал 77. Освен тоа, оваа радиостаница била единствената која прикажала приходи остварени по основ на спонзорства (1,74 милиони денари) и приходи од услуги обезбедени на трети страни (3,59 милиони денари).

Табела 24: Вкупни приходи, приходи од реклами и неделен досег на радиостаниците на државно ниво

| | Антена 5 | Канал 77 | Метрополис | Јон |
|---|---|---|---|---|
| вкупни приходи | 25.42 | 28.52 | 7.65 | 2.91 |
| приходи од реклами | 25.25 | 21.02 | 7.63 | 2.25 |
| просечен неделен досег | 21.1% | 15.5% | 7.5% | 1.9% |

Антена 5, како најслушана радиостаница со просечен неделен досег од 21,1%, остварила и највисоки приходи од реклами, кои изнесувале 25,25 милиони денари.

Табела 25: Структура на приходите на радиостаниците на државно ниво

| РА | реклами и телешопинг | спонзорства | приходи од услуги обезбедени од трети страни | останати приходи | **ПРИХОДИ ОД ОСНОВНА ДЕЈНОСТ** | вонредни приходи | **ВКУПНО ПРИХОДИ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Антена 5 | 25.25 | 0.00 | 0.00 | 0.17 | **25.42** | 0.00 | **25.42** |
| РА Канал 77 | 21.02 | 1.74 | 3.60 | 2.14 | **28.50** | 0.02 | **28.52** |
| РА Метрополис | 7.63 | 0.00 | 0.00 | 0.02 | **7.65** | 0.00 | **7.65** |
| РА Јон | 2.25 | 0.00 | 0.00 | 0.66 | **2.91** | 0.00 | **2.91** |

Споредено со претходната година, учеството на приходите од реклами во вкупните приходи од рекламирање е намалено кај Антена 5 и Метрополис, а е зголемено кај Канал 77 и Јон радио.

Слика 30: Удел во приходите од рекламирање на радиостаниците на државно ниво




Од платено политичко рекламирање за време на локалните избори во 2021 година, највисоки приходи остварила Канал 77 - 1,73 милиони денари. Антена 5 остварила 0,70 милиони денари, Метрополис – 0,33 милиони денари и Јон – 0,89 милиони денари.

Овие четири радиостаници потрошиле нешто помалку средства отколку приходите што ги оствариле. Нивните заеднички трошоци изнесувале 61,55 милиони денари.

Слика 31: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во последните пет години




Декните трошоци за создавање програма биле највисоки и учествувале со 63% во вкупните трошоци на овие радиостаници. Од нив, за набавка на содржини биле потрошени само 1,60 милиони денари, при што целиот овој износ го направила Антена 5. За продукција на програма радиостаниците инвестирале 37,38 милиони денари, од кои најмногу за плати за вработените директно поврзани со производство на програмата – 19,35 милиони денари. Канал 77 за оваа намена издвоила 11 милиони денари, Антена 5 – 4,42 милиони денари, Метрополис - 2,68 милиони денари и Јон -1,25 милиони денари.

Слика 32: Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво



И оваа година само Јон радио прикажало загуба од работењето (3,65 милиони денари). Антена 5 и Канал 77 ја зголемиле добивката во споредба со претходната година и во 2021 година оствариле добивка од 4,30 милиони денари, односно 0,40 милиони денари, а Метрополис остварила помала добивка, и тоа износ од 1,02 милиони денари.

Слика 33: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во последните пет години




Просечниот број на вработени во редовен работен однос во 2021 година бил 51 лице, што е за шест лица повеќе од минатата година. Зголемување за едно лице имало кај Антена 5 и за пет лица кај Канал 77. Бројот на вработени кај Метрополис и Јон останал непроменет.

Табела 26: Број на вработени во радиостаниците на државно ниво

| РА | 2021 | | |
|---|---|---|---|
| | редовен работен однос | хонорарно ангажирани | просечен број на вработени во рро |
| РА Антена 5 | 15 | 6 | 15 |
| РА Канал 77 | 19 | 13 | 20 |
| РА Метрополис | 10 | 4 | 9 |
| РА Јон | 7 | 12 | 7 |
| **Вкупно** | **51** | **35** | **51** |

**РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО**

Вкупните приходи кои ги оствариле регионалните радиостаници биле пониски за 3,9% во однос на 2020 година и во 2021 година изнесувале 58,44 милиони денари.

Ова е единствен сегмент од комерцијалниот сектор каде што вкупните приходи во 2021 година се пониски отколку во претходната година. Десет радиостаници оствариле повеќе приходи отколку во претходната година, а останатите седум ги намалиле приходите. Меѓутоа, вкупниот износ за кој се намалени приходите на овие седум радиостаници е многу повисок од износот за кој се зголемени приходите на десетте радиостаници.

Приходите од платено политичко рекламирање, во вкупен износ од 5,14 милиони денари и финансиската помош за покривање на трошоците за надомест на дозволата за емитување, во износ од 3,03 милиони денари, претставуваат 13,98% од вкупните приходи на регионалните радиостаници.

Слика 34: Движење на вкупните приходи на регионалните радиостаници во последните пет години




Највисоки вкупни приходи имала Буба Мара (10,41 милион денари), која воедно била и најслушана регионална радостаница. Просечниот неделен досег на оваа радиостаница бил 8,5%, а приходите од реклами кои таа ги остварила изнесувале 8,32 милиони денари.

Табела 27: Вкупни приходи, приходи од реклами и неделен досег на регионалните радиостаници

| | вкупни приходи | приходи од реклами | просечен неделен досег |
|---|---|---|---|
| РА Арачина | 1.47 | 1.47 | 1.9% |
| РА Буба Мара | 10.41 | 8.32 | 8.5% |
| РА Ват | 5.13 | 4.82 | 2.1% |
| РА Зона М-1 | 1.85 | 1.85 | 3.0% |
| РА Урбан | 1.97 | 1.67 | 0.5% |
| РА Клуб ФМ | 2.33 | 2.13 | 1.6% |
| РА Лајф ФМ | 2.67 | 2.66 | 1.2% |
| РА Роса АБ | 1.60 | 1.40 | 1.8% |
| РА РФМ | 0.34 | 0.34 | 0.1% |
| РА Сити | 5.66 | 5.48 | 8.2% |
| РА Скај | 4.17 | 3.73 | 5.0% |
| РА Лидер | 0.11 | 0.11 | 0.3% |
| РА Спортско радио 90.3 ФМ | 8.56 | 8.13 | 0.4% |
| Универзитетско радио СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 4.07 | 0.00 | 0.0% |
| РА Капитол | 1.66 | 1.34 | 0.4% |
| РА Фортуна | 5.73 | 5.59 | 6.2% |
| РА Џез ФМ | 0.71 | 0.10 | 0.3% |

Приходите од реклами кои заедно ги оствариле сите регионални радиостаници изнесувале 49,14 милиони денари, што претставува 84% од нивните вкупни приходи. Поединечното учество на приходите од реклами на регионалните радиостаници е прикажано во табелата подолу:

Табела 28: Удел во приходите од реклами на регионалните радиостаници

| радиостаница | удел во приходите од реклами |
|---|---|
| РА Буба Мара | 16.93% |
| РА Спортско радио 90.3 ФМ | 16.54% |
| РА Фортуна | 11.38% |
| РА Сити | 11.15% |
| РА Ват | 9.81% |
| РА Скај | 7.59% |
| РА Лајф ФМ | 5.41% |
| РА Клуб ФМ | 4.33% |
| РА Зона М-1 | 3.76% |
| РА Урбан | 3.40% |
| РА Арачина | 2.99% |
| РА Роса АБ | 2.85% |
| РА Капитол | 2.73% |
| РА РФМ | 0.69% |
| РА Лидер | 0.22% |
| РА Џез ФМ | 0.20% |

Спортското радио е единствено радио што остварило приходи од спонзорства (0,16 милиони денари), а Буба Мара е единственото радио што остварило приходи обезбедени од услуги на трети страни (1,88 милиони денари).

Останатите приходи од работењето на регионалните радиостаници учествувале со 11,86% во вкупните приходи или во апсолутен износ тие изнесувале 6,93 милиони денари.

Од платено политичко рекламирање за време на локалните избори во 2021 година регионалните радиостаници оствариле 5,14 милиони денари. Најмногу приходи од ППР остварила Зона М-1 (0,86 милиони денари).

Трошоците на овие радиостаници изнесувале 50,91 милион денари. И оваа година најмногу средства потрошиле Буба Мара (9,33 милиони денари) и Спортско радио 90,3 ФМ (8,52 милиони денари).

Слика 35: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници во последните пет години




Трошоците за продукција на програма биле највисок трошок на овие радиостаници – 30,85 милиони денари. Од овој износ, 77% биле издвоени за плати за вработените кои се директно поврзани со производство на програма. Најмногу средства за плати издвоило Спортското радио 90,3 ФМ (4,05 милиони денари), кај коешто просечниот број на вработени изнесувал шест лица, а вкупниот број на вработени на крајот од година изнесувал девет лица (шест во редовен работен однос и три хонорарци).

Само три радиостаници годината ја завршиле со негативен финансиски резултат, и тоа: Лајф, Роса АБ и Урбан ФМ. Најдобар финансиски резултат имала радиостаницата Скај, и тоа добивка од 1,16 милиони денари.

Слика 36: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници




Просечниот број на вработени лица во редовен работен однос кај регионалните радиостаници се зголемил само за едно лице во однос на претходната година. На крајот од годината, во редовен работен однос биле 56 лица, а хонорарно ангажирани биле 66 лица.

Табела 29: Број на вработени во регионалните радиостаници

| РА | 2021 | | |
|---|---|---|---|
| | редовен работен однос | хонорарно ангажирани | просечен број на вработени во рро |
| РА Арачина | 1 | 5 | 1 |
| РА Буба Мара | 6 | 6 | 6 |
| РА Ват | 4 | 4 | 3 |
| РА Зона М-1 | 1 | 10 | 1 |
| РА Урбан | 3 | 2 | 3 |
| РА Клуб ФМ | 5 | 2 | 5 |
| РА Лајф ФМ | 4 | 1 | 4 |
| РА Роса АБ | 3 | 3 | 3 |
| РА РФМ | 0 | 8 | н.п. |
| РА Сити | 6 | 3 | 6 |
| РА Скај | 4 | 2 | 4 |
| РА Лидер | 6 | 1 | 0 |
| РА Спортско радио 90,3 ФМ | 6 | 3 | 6 |
| РА Студент ФМ 92.9 | 0 | 7 | 0 |
| РА Капитол | 1 | 5 | 1 |
| РА Фортуна | 5 | 0 | 5 |
| РА Џез ФМ | 1 | 4 | 1 |
| **ВКУПНО** | **56** | **66** | **49** |

**РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО**

Во 2021 година, приходите на локалните радиостаници изнесувале 46,76 милиони денари и се повисоки за 22,44% во споредба со претходната година.

Приходите од платено политичко рекламирање во износ од 3,21 милиони денари и финансиската помош за покривање на надоместкот за дозволата за емитување во износ од 0,96 милиони денари, претставуваат 8,92% од вкупните приходи на локалните радиостаници.

Слика 37: Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници во последните пет години




Трите комерцијални локални радиостаници кои оствариле највисоки приходи биле Кавадарци (5,33 милиони денари), Експрес (2,40 милиони денари) и Супер (2,26 милиони денари). Приходите на Експрес и Супер биле речиси во целост остварени од реклами, а радиостаницата Кавадарци од продажба на времето за рекламирање остварила 37% од вкупните приходи. Останатите приходи на овој радиодифузер биле од други дејности и вонредни приходи (29%, односно 34%).

Табела 30: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните комерцијални радиостаници

| РА | вкупни приходи | приходи од реклами | РА | вкупни приходи | приходи од реклами |
|---|---|---|---|---|---|
| Скај радио плус | 0.04 | 0.03 | РА Пулс | 1.09 | 0.97 |
| РА 106 | 1.37 | 1.33 | РА Лав | 0.00 | 0.00 |
| РА Б-97 | 0.32 | 0.25 | РА Супер | 2.26 | 2.25 |
| РА Валандово | 0.41 | 0.38 | РА 5 Чоки | 0.71 | 0.49 |
| РА Голди | 0.47 | 0.47 | РА Мефф | 1.02 | 1.02 |
| РА Мерак 5 ФМ | 0.66 | 0.43 | РА Холидеј | 1.99 | 1.86 |
| РА Ла Коста | 0.45 | 0.12 | РА Пела | 1.08 | 0.85 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| РА Комета | 0.53 | 0.53 | РА Еко | 0.37 | 0.34 |
| РА ПРО-ФМ | 0.40 | 0.37 | РА Модеа | 0.40 | 0.31 |
| РА Балкан ФМ | 0.89 | 0.89 | РА Свети Николе | 1.41 | 1.21 |
| РА Тајм | 1.75 | 1.37 | РА Плеј | 1.45 | 1.43 |
| РА Зора | 0.38 | 0.38 | РА Ррапи | 1.37 | 0.29 |
| РА Галакси-2002 | 1.37 | 1.05 | РА Експрес | 2.40 | 2.26 |
| РА Кавадарци | 5.33 | 1.99 | РА Хит | 1.71 | 1.71 |
| РА Александар Македонски | 0.09 | 0.09 | РА Блета | 1.61 | 1.07 |
| РА Акорд | 0.20 | 0.19 | РА Кисс | 0.71 | 0.33 |
| РА Медисон | 0.17 | 0.17 | РА Плус Форте | 0.67 | 0.67 |
| РА Ускана-Плус | 0.06 | 0.06 | РА 7 | 1.99 | 1.94 |
| РА Кочани ФМ | 1.25 | 1.20 | РА Ред ФМ | 0.44 | 0.33 |
| РА Бум | 1.52 | 1.06 | РА Енџелс ФМ | 2.05 | 2.05 |
| РА Јехона ФМ | 0.36 | 0.20 | РА Импулс | 0.05 | 0.00 |

Универзитетските радија Укло ФМ и УГД ФМ кои функционираат како посебни организациони единици во рамки на образовните институции не прикажаа приходи, а третата непрофитна локална радиостаница - Марија Благовест остварила вкупни приходи во износ од 3,96 милиони денари, сите остварени од донации.

Од комерцијалните радиостаници, приходи од реклами не остварила само Импулс, со оглед на тоа што оваа радиостаница емитуваше програма само неколку дена на крајот од 2021 година. Лав, пак, е единствената локална радиостаница која не остварила воопшто приходи.

На графиконот подолу е претставено процентуалното учество на приходите од рекламирање на локалните радиостаници во вкупните приходи од реклами, при што може да се забележи дека учеството на 12 радиостаници се движи помеѓу седум и четири проценти, а учеството на приходите на останатите локални радиостаници остварени по оваа основа е помало.

Слика 38: Учество на приходите од рекламирање на локалните радиостаници




Од платено политичко рекламирање за време на локалните избори во 2021 година локалните радиостаници заедно оствариле 3,21 милион денари. Највисоки приходи од ППР, во износ од 0,38 милиони денари, прикажало Супер радио.

Локалните радиостаници прикажале 7,47 милиони денари „останати приходи“.

Слика 39: Структура на приходите на локалните радиостаници



Трошоците на локалните радиостаници во 2021 година изнесувале 42,92 милиони денари. Највисоки трошоци направиле Кавадарци (4,04 милиони денари), Супер радио (2,23 милиони денари) и непрофитното радио Марија-Благовест (2,72 милиони денари). Супер радио и Марија Благовест најмногу средства потрошиле за плати за вработените директно поврзани со производство на програма, а најголем дел од трошоците на радио Кавадарци се од категоријата „останати неопфатени трошоци од работењето“.

Слика 40: Движење на вкупните трошоци на локалните радиостаници во последните пет години




Според структурата на трошоците на локалните радиостаници, половина од вкупните трошоци се за плати за вработените директно поврзани со производство на програма, 12% се материјални трошоци и 16% се сите останати неопфатени трошоци од работењето.

Слика 41: Структура на трошоците на локалните радиостаници



Локалните радиостаници во 2021 година заедно оствариле добивка од 5,6 милиони денари. Вкупно 32 локални радиостаници годината ја завршиле со добивка. Најдобар финансиски резултат оствариле непрофитното радио Марија Благовест (1,25 милиони денари) и радио Кавадарци (1,23 милиони денари).

Бројот на вработени во редовен работен однос на крајот од годината изнесувал 91 лице, а 88 биле хонорарно ангажирани. Просечниот број на вработени изнесувал 84 лица.

Во табелата подолу се прикажани податоците за просечниот дневен и неделен досег на локалните радиостаници во 2021 година.

Табела 31: Просечен дневен и неделен досег на локалните радиостаници

| Радиостаница | Просечен дневен досег | Просечен неделен досег | Радиостаница | Просечен дневен досег | Просечен неделен досег |
|---|---|---|---|---|---|
| РА Скај радио плус | 8.00% | 11.30% | РА Лав | 1.60% | 1.90% |
| РА 106 | 6.90% | 14.90% | РА Супер | 7.70% | 17.40% |
| РА Актуел | 0.90% | 2.90% | РА Аљбана | 0.60% | 1.80% |
| РА Б-97 | 2.00% | 3.30% | РА 5 Чоки | 1.40% | 3.60% |
| РА УКЛО ФМ | 0.70% | 1.10% | РА Мефф | 2.20% | 9.40% |
| РА Валандово | 12.50% | 19.60% | РА Холидеј | 5.30% | 17.20% |
| РА Голди | 4.60% | 7.60% | РА Пела | 4.20% | 8.30% |
| РА Мерак 5 ФМ | 6.90% | 9.20% | РА Еко | 8.50% | 10.90% |
| РА Ла Коста | 13.00% | 19.60% | РА Модеа | 7.00% | 22.20% |
| РА Комета | 3.80% | 6.10% | РА Свети Николе | 6.90% | 17.60% |
| РА ПРО-ФМ | 2.00% | 2.60% | РА Плеј | 1.70% | 7.40% |
| РА Балкан ФМ | 2.30% | 3.30% | РА Ррапи | 2.00% | 5.10% |
| РА Тајм | 13.50% | 20.20% | РА Експрес | 3.30% | 6.60% |
| РА Зора | 6.80% | 11.40% | РА Хит | 7.30% | 13.50% |
| РА Галакси-2002 | 3.80% | 4.90% | РА Блета | 4.60% | 5.80% |
| РА Кавадарци | 16.50% | 31.40% | РА Кисс | 3.80% | 8.90% |
| РА А. Македонски | 4.90% | 8.30% | РА Плус Форте | 1.70% | 2.40% |
| РА Акорд | 3.00% | 6.80% | РА 7 | 1.40% | 2.40% |
| РА Медисон | 1.50% | 6.00% | РА Ред ФМ | 1.70% | 1.70% |
| РА Ускана-Плус | 1.50% | 3.40% | РА Енџелс ФМ | 12.10% | 18.30% |
| РА Кочани ФМ | 11.90% | 14.00% | РА УГД ФМ | 1.70% | 1.70% |
| РА Бум | 6.90% | 13.60% | РА Марија - Благовест | 1.50% | 2.20% |
| РА Јехона ФМ | 1.20% | 3.60% | РА 102КА | 0.3% | 0.70% |
| РА Пулс | 3.10% | 5.20% | РА Импулс | / | / |

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ


Табела 1: Клучни наоди .... 4
Табела 2: Финансиски резултат од работењето .... 8
Табела 3: Структура на вкупните приходи на МРТ во последните пет години .... 12
Табела 4: Структура на трошоците на МРТ во последните пет години .... 13
Табела 5: Структура на приходите на терестријалните телевизии на државно ниво .... 16
Табела 6: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво .... 20
Табела 7: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години .... 21
Табела 8: Структура на приходите на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс .... 24
Табела 9: Удел на приходите од реклами во вкупните приходи на секоја телевизија на државно ниво преку неограничен ресурс .... 24
Табела 10: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс .... 26
Табела 11: Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години .... 27
Табела 12: Број на вработени во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс .... 27
Табела 13: Вкупни приходи на регионалните телевизии во 2020 и 2021 година .... 30
Табела 14: Удел на приходите од реклами во вкупните приходи на регионалните телевизии .... 31
Табела 15: Структура на вкупните приходи на регионалните телевизии по радиодифузни региони .... 31
Табела 16: Директни трошоци за создавање програма во последните пет години .... 32
Табела 17: Структура на вкупните трошоци на регионалните телевизии по радиодифузни региони .... 33
Табела 18: Број на вработени во регионалните телевизии .... 33
Табела 19: Просечен неделен досег и удел во гледаноста на регионалните телевизии .... 34
Табела 20: Вкупни приходи на локалните телевизии во 2020 и 2021 година .... 35
Табела 21: Структура на приходите на локалните телевизии .... 37
Табела 22: Број на вработени во локалните телевизии .... 39
Табела 23: Просечен неделен досег и удел во гледаноста на локалните телевизии .... 39
Табела 24: Вкупни приходи, приходи од реклами и неделен досег на радиостаниците на државно ниво .... 41
Табела 25: Структура на приходите на радиостаниците на државно ниво .... 42
Табела 26: Број на вработени во радиостаниците на државно ниво .... 44
Табела 27: Вкупни приходи, приходи од реклами и неделен досег на регионалните радиостаници .... 46
Табела 28: Удел во приходите од реклами на регионалните радиостаници .... 46
Табела 29: Број на вработени во регионалните радиостаници .... 48
Табела 30: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните комерцијални радиостаници .... 49
Табела 31: Просечен дневен и неделен досег на локалните радиостаници .... 53

## ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ


Слика 1: Вкупни приходи на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години ........ 5
Слика 2: Структура на приходите во индустријата во 2021 година ........ 5
Слика 3: Приходи од рекламирање во индустријата во последните пет години ........ 6
Слика 4: Удел на приходите од рекламирање во индустријата ........ 6
Слика 5: Вкупни трошоци на јавниот сервис и на комерцијалните радиоифузери во последните пет години ........ 7
Слика 6: Движење на вкупните трошоци во индустријата во последните пет години ........ 7
Слика 7: Движење на вкупните приходи на МРТ во последните пет години ........ 10
Слика 8: Предвидени и исплатени средства од државниот буџет за финансирање на МРТ ........ 11
Слика 9: Исплатени средства од државниот буџет за финансирање на МРТ во последните четири години ........ 11
Слика 10: Движење на вкупните приходи ........ 16
Слика 11: Поединечни вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години ........ 17
Слика 12: Движење на приходите од рекламирање (со и без ППР) на терестријалните телевизии 18
Слика 13: Учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи од реклами во последните пет години ........ 18
Слика 14: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години ........ 19
Слика 15: Трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво ........ 20
Слика 16: Просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии за 2020 и 2021 година ........ 21
Слика 17: Просечен дневен и неделен досег на терестријалните телевизии на државно ниво ........ 22
Слика 18: Движење на поединечните вкупни приходи на телевизиите на државно ниво во последните пет години ........ 23
Слика 19: Приходи од реклами (без ппр) на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2020 и 2021 година ........ 25
Слика 20: Учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи од реклами на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2020 и 2021 година ........ 25
Слика 21: Вкупни трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години ........ 26
Слика 22: Просечен дневен досег, неделен досег и удел во вкупната гледаност на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ........ 28
Слика 23: Структура на приходите на регионалните телевизии ........ 29
Слика 24: Движење на вкупните трошоци на регионалните телевизии во последните пет години. 32
Слика 25: Движење на вкупните приходи на локалните телевизии во последните пет години ........ 35
Слика 26: Приходи од реклами (со и без ППР) кај локалните телевизии во 2020 и 2021 година ........ 36
Слика 27: Движење на вкупните трошоци на локалните телевизии во последните пет години ........ 37
Слика 28: Структура на трошоците на локалните телевизии ........ 38

Слика 29: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во последните пет години ..... 41
Слика 30: Удел во приходите од рекламирање на радиостаниците на државно ниво ..... 42
Слика 31: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во последните пет години ..... 43
Слика 32: Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво ..... 43
Слика 33: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во последните пет години ..... 44
Слика 34: Движење на вкупните приходи на регионалните радиостаници во последните пет години ..... 45
Слика 35: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници во последните пет години ..... 47
Слика 36: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници ..... 48
Слика 37: Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници во последните пет години 49
Слика 38: Учество на приходите од рекламирање на локалните радиостаници ..... 51
Слика 39: Структура на приходите на локалните радиостаници ..... 51
Слика 40: Движење на вкупните трошоци на локалните радиостаници во последните пет години 52
Слика 41: Структура на трошоците на локалните радиостаници ..... 52

| Наслов | Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година |
|---|---|
| Издавач | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br><br>Палата Панко  Брашнаров Ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје |
| | |
| | Тел.02/3103-400 |
| | www.avmu.mk |
| | contact@avmu.mk |
| За издавачот | д-р Зоран Трајчевски, Директор |
| Автори | д-р  Зоран Трајчевски, Магдалена  Давидовска-Довлева, Сања  Гудеска-Здравковска и Катерина  Доневска |